РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 - 1677/1
02 -06- 2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 18-тата седница одржана на ден 21.05.2025 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предмет со бр. 08-5073/1 од 27.10.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5073/1 од 27.10.2023 година.

Предметот со број 08-5073/1 од 27.10.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-5073/1 од 27.10.2023 година е оформен по анонимна пријава за со наводи за недоставување анкетен лист од страна на лицето ------------------ вд директор на ------------------------.

ДКСК од извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето --------------------------- е именуван на функцијата вд директор на 12.09.2023 година, а анкетен лист поднел на 16.10.2023 година. ---------------------- анкетниот лист по именување на функцијата вд директор на -------------------------- го поднел со задоцнување од три дена, но го отстранил прекршокот пред да биде поднесена пријавата и пред да биде констатирано од страна на ДКСК.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Заменик претседател,
м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk